Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-262/4
09 07 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-262/1 од 02.09.2019 поднесена од [redacted] од Скопје против општинско основно училиште Св. Климент Охридски од Скопје за сторена дискриминација врз основа на личен статус, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 07.07.2021 го донесе следново

## **М И С Л Е Њ Е**

НЕ СЕ УТВРДУВА ИЗВРШЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на личен статус од страна на општинското основно училиште Св. Климент Охридски од Скопје врз [redacted] од Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 02.09.2019 година беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] со место на живеење на ул. [redacted] Скопје против општинско основно училиште „Св. Климент Охридски" со адреса [redacted] од Скопје.

Во претставката подносителката [redacted] наведува дека нејзиниот син [redacted] е дискриминиран врз основа на вакцинален статус односно личен статус од страна на општинското основно училиште „Св. Климент Охридски" од Скопје. Имено, при уписниот период во мај 2019 година, училиштето „Св. Климент Охридски"одбиле да го запишат нејзиното дете поради отсуство на потврда за примени на сите задолжителни вакцини, односно подносителката на претставката не го вакцинирала своето дете со MRP вакцина. Во претставката, подносителката цитира медиумски статии во кои од Министерството за образование порачуваат дека „ниту едно дете не смее да остане надвор од образовниот систем" и дека во Уставот е наведено дека основното образование е задолжително. Дополнително, подносителката како аргумент го цитира Годишниот извештај на Народниот правобранител од 2018 година во кој за друг сличен случај се тврди дека е „крајно дискриминаторско и спротивно на закон постапувањето на училиштето поради што го одбил уписот во прво одделение поради фактот што детето не било вакцинирано од сите задолжителни вакцини". Дополнително, подносителката го истакнува фактот дека основното образование е задолжително согласно Законот за основно образование, дека правото на образование е универзално согласно голем број меѓународни документи и договори а исто така се цитира и пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур односно случајот Салвети против Италија, (бр. 42197/98), во кој се тврди дека недоброволното вакцинирање е спротивно на членот 8 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Согласно горенаведеното, подносителката тврди дека вакцината не може да биде услов за упис во градинка и училиште.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителката веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 03.06.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-262/1 до општинско основно училиште „Св. Климент Охридски" со барање за писмено произнесување на наводите од претставката.

На 22.06.2021 општинско основното училиште „Св. Климент Охридски" писмено се произнесе по претставката, негирајќи ги сите наводи содржани во истата. Имено, Комисијата за запишување на ученици во прво одделение основана при училиштето, во уписниот период за предметниот настан во мај 2019 година, одбиле да извршат упис на [redacted] врз основа на фактот дека недостасувала потврда за примените задолжителни вакцини. За одлуката веднаш бил известен родителот, односно [redacted], по што родителот го известил школото дека е против вакцинација и дека не би го вакцинирала нејзиното дете. Во оваа насока, се нотира дека согласно член 46 став 2 од Законот за основно образование, дете не може да биде запишано без потврда за примени задолжителни вакцини. Следствено, [redacted] поднела претставка и до Државниот просветен инспекторат по што откако бил извршен увид во работата, било констатирано дека училиштето не постапило спротивно на законските норми.

Комисијата ги истражи наводите на двете страни во постапката и ги анализираше во однос на утврдување на фактичката состојба потребна за оформување на мислење. Следствено, во однос на Годишниот извештај за степенот на обезбедувањето, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права од 2018 година, Народниот правобранител повикувајќи се на Меѓународната Конвенција за заштита на правото на детето, пресуди на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, како и на Уставот, Законот за основно образование и Законот за спречување и заштита од дискриминација констатира дека фактот што не се врши упис на дете врз основа на вакцинален статус е крајно дискриминаторски. Но, она што изостана во аргументот на [redacted] е фактот што Народниот правобранител во истиот случај добил уверување од родителот дека вакциналниот статус на детето во наредниот период би се дополнил на **начин на кој нема опасност од загрозување на здравјето на останатите ученици**. Во однос на аргументот на [redacted] за судската праска на Европскиот суд за човекови права за посочениот случај Салвети против Италија (бр. 42197/98), КСЗД го разгледа предметот и утврди дека ЕСЧП во 2002 година утврдиле задолжителните вакцини може да претставуваат **мешање** во правото на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8 од ЕКЧП) но предметот на тужбата до ЕСЧП е право на компензација на индивидуата при евентуални штетни последици од задолжителната вакцина. Дополнително, КСЗД го разгледа случајот VAVŘIČKA и други против Република Чешка (бр. 47621/13) кој исто така го разгледува случајот на задолжително вакцинирање на деца против девет болести кои се познати на медицината при нивен упис во училиште. Имено, ЕСЧП утврдува дека задолжителното вакцинирање не претставува кршење на член 8 од ЕКЧП односно не претставува повреда на правото на приватен и семеен живот имајќи го во предвид јавното добро и здравје на сите граѓани. Во однос на аргументите на основното училиште „Св. Климент Охридски" од Скопје, родителот [redacted] не доставила потврда за примени задолжителни вакцини согласно 46 став 2 од Законот за основно образование. КСЗД ги разгледа Програмата за задолжителна имунизација на населението во

Република Македонија за 2019 година и Календарот за имунизација за 2019 година и утврди дека вакцината MRP е задолжителна.

Во едно демократско општеството надлежните власти го земаат во предвид врвниот приоритет на заштита на здравјето на сите граѓани. Следствено, релевантните закони и документи поврзани со задолжителната вакцинација имаат легитимна цел во насока на заштита од болести кои претставуваат сериозна закана по здравјето на граѓаните. Иако со Уставот на Р. Северна Македонија на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот и на достоинството и угледот, сепак граѓаните имаат и обврска да не го загрозуваат здравјето на другите. Во оваа насока, во 2019 година, во земјата имаше епидемија на морбили во која од самиот почеток беа забележани 961 случаи на заболени деца од кои 682 во Скопје. Следствено, беа донесени мерки и препораки меѓу кои и строга забрана на посета на невакцинирани деца во градинките.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во конкретниот случај нема повреда на правото на еднаквост, односно основното училиште Св. Климент Охридски од Скопје не извршил дискриминација врз основа на личен статус врз [redacted] во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Основното училиште постапувало согласно законот, мерките и препораките на надлежните власти кои се во насока на заштита на јавното здравје. Од тие причини Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Имајќи го во предвид прашањето во областа на задолжителното вакцинирање на децата наспроти човековите права, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација носи

## О П Ш Т А  П Р Е П О Р А К А

Конвенција за правата на детето го гарантира „најдобриот интерес на детето" во поглед на сите преземени активности што се однесуваат на децата, без оглед дали се преземени од јавни институции, судови, управни органи или законодавни тела. Дополнително, во случајот VAVŘIČKA и други против Република Чешка (бр. 47621/13), ЕСЧП го нотира постоењето на општ консензус дека вакцинацијата е една од најуспешните и најисплатливи здравствени интервенции и дека секоја држава треба да има за цел да постигне највисоко можно ниво на вакцинација меѓу нејзината популација. Дополнително, законите, мерките, препораките и други релевантни акти кои што се во насока на спречување, лекување и контрола на ситуација на епидемиски, ендемични, и други болести не претставуваат кршење на правото на приватноста на индивидуата, на неговиот личен и семеен живот и на достоинството и угледот. Истите се во насока на гарантирање на заштитата на јавното добро и јавното здравје на сите граѓани а особено на децата. Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација носи општа препорака дека задолжителното

вакцинирање на децата како услов за упис во основните училишта **не претставува дискриминација врз било која основа.**

Изготвил:
Исмаил Камбери – Член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Доставено до:
- [redacted], Скопје
- О.О.У „Св. Климент Охридски, ул. Призренска б.б. од Скопје.